# Здравствена едукација спроведена на територијата на ЦЈЗ Скопје од Одделението за социјална медицина, Отсек за промоција на здравјето во периодот од јануари до март 2015 година

Здравствената едукација на населението во Скопје се спроведува согласно Националната годишна програма за јавно здравје за 2015 година и Планот за работа на Отсекот во 2015 година.

Во споменатиот период активностите за промоција на здравјето беа спроведени во **основните и средните училишта во Скопје** и тоа во следните општини: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Карпош, Шуто Оризари, Чаир, Кисела Вода, Петровец, Сарај, Сопиште, Илинден и Зелениково, во училиштата за основно и средно образование: О.У. Браќа Рамиз и Хамид, О.У. Рајко Жинзифов, О.У. Драга Стојановска, О.У. Дитурија, О.У. Круме Кепески, О.У. Којдан Чернодрински, О.У. Вера Циривири Трена, О.У. Григор Прличев, О.У. Кочо Рацин, П.О.У. Гоце Делчев, О.У. Блаже Конески, ПООУ Браќа Миладиновци с. Мршевци, СГГУГС Здравко Цветковски, СУГС Никола Карев, СЕТУГС Михајло Пупин и СОУС Илинден.





**О. У. КРУМЕ КЕПЕСКИ, општина КИСЕЛА ВОДА**

Во споменатите училишта беа опфатени вкупно 5322 ученика и беа одржани вкупно 381 *едукативно предавање* на следните теми:

- Лична хигиена
- Превенција од небезбедна вода за пиење
- Исхрана - Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност

- Здравствени ризици од пушење кај младите
- Сексуално преносливи инфекции
- СИДА
- Планирање на семејството и адолесцентна бременост






**СГГУГС ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ, општина КАРПОШ**

**СУГС НИКОЛА КАРЕВ, општина КАРПОШ**

Во училиштата беа одржани и четири *трибини* на следните теми:

- Сексуално преносливи инфекции
- Здрави училишни оброци
- Пушењето и младите
- Здравствен бенефит од редовни физички активности






**СТУГС МИХАЈЛО ПУПИН, општина ГАЗИ БАБА**

Поврзано со работата на Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје, едукаторите кои одржуваа предавања и трибини во средните училишта, анкетираа педесет ученици на теми поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје. Со учениците по пополнувањето на анкетниот прашалник се разговареше за тоа како тие размислуваат за сексуалното и репродуктивно здравје и за кои теми од споменатата област се заинтересирани за формирање на индивидуални и групни едукации.
Учениците истовремено постојано се покануваат да го посетат Советувалиштето во Центарот за јавно здравје Скопје како правилно и точно би се информирале за оваа проблематика. На учениците во средните училишта им беа поделени и 200 брошури за промоција на Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје на тема „Совети за спречување на сексуално преносливи инфекции" подготвени од ЦЈЗ Скопје.

Исто така во сите средни училишта на учениците им е дистрибуран едукативен материјал- 4165 брошури на тема „Најчести прашања и одговори за вашето сексуално и репродуктивно здравје", превземен од Министерството за здравство на Р.Македонија.

Во акушерските одделенија на јавните и приватни здравствени установи во Скопје, и во патронажната служба на Здравствен дом-Скопје, за новите родители беше дистрибуиран едукативен материјал на тема „Информации и совети за новите родители", превземен од ИЈЗ на Р.Македонија, вкупно 2100 брошури.

Во **Советувалиштето за откажување од пушење** беа одржани 9 групни едукации и 3 индивидуални советувања со опфат на вкупно 136 лица.

Во Центарот за јавно здравје Скопје континуирано се спроведува ***Обука за основни знаења за безбедност на храната*****.** Вкупно се одржани 180 предавања, од нив 135 предавања во ЦЈЗ Скопје и 45 на терен.

На лицата кои ја следеа Обуката им беа одржани 9 едукативни предавања за пушењето како ризик фактор за здравјето и беа спроведени 136 анонимни анкетни истражувања.

На веб страната на Центарот е постиран *едукативен материјал* од интерес за поширокото население и со цел за одбележување на датуми за светски денови поврзани со здравјето.

Во првото тримесечје од 2015 година беа опфатени 253 **деца од предучилишна возраст** во општината Бутел, во ЈОУДГ 11-ти Октомври, каде беа одржани 10 предавања за Личната хигиена и Здравиот начин на исхрана на децата.

Исто така, во овој период беше изготвена брошура на тема „Здрава исхрана за здрав начин на живеење".





**ЈОУДГ 11 ОКТОМВРИ, општина БУТЕЛ**

Во делот на **превенција и унапредување на здравјето на стари лица** беше посетена приватната установа за згрижување на старите лица „Панада“ во општината Зелениково. За таа цел беа одржани две предавања на следните теми: Унапредување на здравјето на стари лица и Превенција од срцеви заболувања.






**ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА „ПАНАДА“, општина ЗЕЛЕНИКОВО**

31.03.2015,Скопје

---

Изготвил: Прим. д-р сци.  Персида Малинска, специјалист по социјална медицина